# ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ КОГА ЗАМИНУВАТЕ ОД ИЛИ ДОАЃАТЕ ВО МАКЕДОНИЈА?

ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА

Царинската управа на Република Македонија ви посакува пријатно патување и убав одмор!




ЦАРИНА
CUSTOMS











# СТОКА КОЈА НЕ СЕ ПРИЈАВУВА И НЕ ПОДЛЕЖИ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ

## Македонските и странските државјани се ослободени од плаќање на увозни давачки (царина, ДДВ и акциза) за:



1. Стока за лична употреба во текот на престојот (личен багаж)*
2. Преработки од тутун:
   - 200 цигари, или
   - 100 цигарилоси (цигари со максимална тежина од 3 гр.по парче), или
   - 50 пури, или
   - 250 грама тутун за пушење, или
   - сразмерна количина на различни преработки на тутун
3. Алкохол и алкохолни пијалоци:
   - 1 литар дестилирани и жестоки алкохолни пијалоци со процент на алкохол над 22%: или
   - 2 литри дестилирани и алкохолни пијалоци и аперитиви со винска или алкохолна основа со процент на алкохол што не надминува 22%: и
   - 2 литри вино

**Ослободувањата за преработки од тутун и алкохол и алкохолни пијалоци не важат за патници помлади од 18 години.**

4. Парфеми: 50 мл и тоалетна вода: 250 мл.

**Домашните патници се ослободени од увозни давачки за стока од некомерцијална природа со вредност до 350 евра. Во овие 350 евра ослободување не влегуваат алкохолни пијалоци, преработки од тутун, парфеми и тоалетна вода.**

* употреба која не е поврзана со било каква дејност од професионална или комерцијална природа, стока во личен багаж на патникот подразбира предмети за лична употреба, што му се неопходни на патникот за време на патувањето.

# ГОТОВИ ПАРИ




## ВНЕСУВАЊЕ ВО РМ

| Резиденти [1] | Нерезиденти [2] |
|---|---|
| до 10.000 ЕУР и 120.000,00 денари – слободно | до 10.000 ЕУР и 120.000,00 денари – слободно |
| над 10.000 ЕУР - мора да се пријават на царинскиот орган | над 10.000 ЕУР - мора да се пријават на царинскиот орган, кој задолжително издава писмена потврда |
| над 120.000,00 денари - забрането | над 120.000,00 денари - забрането |

## ИЗНЕСУВАЊЕ ОД РМ

| Резиденти [1] | Нерезиденти [2] |
|---|---|
| до 2.000 ЕУР и 120.000,00 денари – слободно | до 10.000 ЕУР и 120.000,00 денари - слободно |
| од 2.000-10.000 ЕУР – мора да се пријават на царинскиот орган и да се приложи потврда од овластена банка или менувачница | над 10.000 ЕУР - мора да се пријават на царинскиот орган и да се приложи потврдата во која е евидентиран тој износ при влез во РМ |
| над 10.000 ЕУР и 120.000,00 денари - забрането | над 120.000,00 денари - забрането |

1 Правни лица со седиште во РМ и нивни претставништва во странство, подружници на странски друштва регистрирани во РМ, физички лица со постојано место на живеење во РМ, физички лица со регулиран привремен престој во РМ и дипломатски и конзуларни претставништва на РМ во странство.

2 Сите други правни и физички лица кои немаат статус на резиденти.

# ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО И РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

**За внесување/изнесување на живи животни, домашни миленичиња и производи од животинско и растително потекло, потребни се законски пропишани дозволи/одобренија.**



## ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

За секој домашен миленик кој се пренесува преку граничен премин на Република Македонија, сопственикот или одговорното лице, треба да поседува соодветна документација за идентификација, односно

- Ветеринарно-здравствен сертификат издаден од официјален ветеринар од земјата на испорака
- Пасош издаден од официјален ветеринар од земјата на испорака, кој е задолжителен за сите видови кучиња, мачиња и ласици, или
- Изјава, издадена од сопственикот или одговорното лице, која е задолжителна за сите видови птици, под услов да доаѓаат од земја која е членка на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните (OIE).

Царинскиот орган дозволува увоз во Република Македонија на домашни миленици кои не се наменети за трговија, без разлика на бројот на единките, доколку Управата за ветеринарство по претходно извршена проверка и преглед на граничниот премин издаде согласност за увоз, односно ветеринарен влезен документ-ВВД.

## ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Патниците можат да внесат производи од животинско потекло на територијата на Република Македонија (сирење, кашкавал, сувомеснати производи) во вкупна количина до 1 кг.

Доколку производите од животинско потекло надминуваат количина поголема од 1 кг, потребно е патникот да поседува потврда за извршен задолжителен преглед на стоката од страна на Ветринарно-санитарен испекторат.

## РАСТЕНИЈА, ЦВЕЌИЊА, ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК

При увоз на растенија, цвеќиња, овошје и зеленчук во царинското подрачје на Република Македонија, задолжително да се поседува одобрение издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарна управа, со кое се потврдува дека производите се здрави и необолени.

Покрај потребното одобрение, овие производи задолжително подлежат на преглед од страна на фитосанитарен инспектор.

# ЛЕКОВИ



1. За внесување на лекови во Р. Македонија потребна е посебна дозвола издадена од Биро за лекови на Р. Македонија (Министерство за здравство). Внесување на лекови без горенаведената дозвола е законски дозволено само доколку лековите се наменети за лична употреба.
2. Доколку лековите се наменети за лична употреба не е потребна горенаведената дозвола. Во тој случај, патникот треба да поседува:
   - потврда од матична здравствена установа со податоци за идентификација на лекот и пациентот, видот на заболување и
   - потпис на лекарот што е доказ дека лековите кои патникот ги носи со себе се за негова лична употреба.
3. За лекови кои во себе содржат опојни дроги или психотропни субстанции, потребно е патникот да поседува потврда издадена од Биро за лекови при Министерство за здравство.
4. Во случај на непочитување на законските одредби со кои е регулирано внесувањето на лекови, медицински помагала и психотропни супстанци во државата, предвидени се соодветни казни.

# ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА




1. Со закон е забрането внесување и пренесување преку територија на Р. Македонија на сите видови оружје и муниција, и тоа:
   - огнено оружје
   - колекционерско оружје
   - пневматско оружје
   - гасно оружје
   - експлозивно оружје
   - ладно оружје (ножеви, ками, мечеви итн.)
   - оружје со тетива
   - оружје за светлосно-звучна сигнализација
   - електрични парализатори
   - муниција
2. Внесување на оружје и муниција во Р. Македонија е дозволено само во случај доколку поседувате посебно одобрение/дозвола издадена од Министерство за внатрешни работи на Р. Македонија. Ова се однесува на оружје кое се користи за лов.
3. За оружје не се смета:
   - Декоративно оружје
   - Имитација на оружје
   - Старинско оружје
   - Оружје што е трајно онеспособено за употреба
   - Реплика на старинско оружје
   - Оружје за индустриски цели и
   - Харпуни за подводен риболов
4. Во случај на непочитување на законските одредби предвидени се соодветни прекршочни мерки.

# СТОКА КОЈА ПОВРЕДУВА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

## Со закон е забрането внесување, изнесување, транзит и складирање на фалсификувани производи и пиратски стоки.



Фалсификатите и пиратските стоки се опасни по здравјето и безбедноста на луѓето, а во исто време тие доведуваат до намалување на буџетот и зголемување на сивата економија.

Препознатливи се по ниската вредност, слабиот квалитет, лошиот изглед на пакувањето, технички грешки во текстот на етикетите и ознаките.

За фалсификат се смета и знак, лого, букви, бројки, слики, налепници, брошури, упатство за употреба или гарантен документ, дури и ако се внесувааат или изнесуваат одделно или заедно со стоката.

Пиратска стока е онаа стока која е направена или која содржи примероци без согласност на носителот на авторското право или сродното право.

Царинската управа, фалсфикатите и пиратските стоки привремено ги одзема и по потврдување на оригиналноста ги уништува.

**Исключок од ова** е стока која е дел од личен багаж на патници, предмети од некомерцијална природа со мала вредност кои повремено се примаат од странство, а кои се ослободени од плаќање на царински давачки.

Прекршителите со закон се санкционираат.

За достигнувањата во борбата против фалсификувањето и пиратеријата, во конкуренција на 174 администрации членки на СЦО, Царинската управа на Република Македонија, во 2009 година ја доби престижната награда на Светската царинска организација **Yolanda Benitez WCO Trophy 2009 Combating Counterfeiting and Piracy.**

# ЗАГРОЗЕНИ ЖИВОТНИ И РАСТЕНИЈА

**Внесување и изнесување на загрозени животни и растенија и нивни производи во/од територијата на Република Македонија, според CITES, (Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата флора и фауна) е строго забрането со закон.**





За промет со загрозени и заштитени диви видови растенија, габи и животни и производи изработени од нив потребно е да се приложи соодветен документ односно дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање, дозвола која мора да се добие однапред.

Нелегално увезени животни и растенија најчесто се заразени со опасни болести и паразити.

Заштитени видови животни и производи добиени од нив се:

- Кафеава мечка, сив сокол, пеперуга Hipparchia semele- критично загрозена, волци, змии, гуштери и тропски животни,
- Корали и школки,
- Егзотични растенија (орхидеи, кактуси) итн,
- Сите видови предмети кои произлегуваат од загрозени растителни и животински видови, како:
  - Музички инструменти
  - Артефакти од корали и слонова коска
  - Облека, обувки и модни додатоци итн.

Царинските службеници, полициските службеници или инспекторите ќе ги одземаат нелегалните пратки, а прекршителот, покрај плаќање на парични казни, ќе ги покрие и сите останати трошоци за привремената грижа или складирање на такви пратки.

Бидете внимателен купувач и зачувајте ја природата и видовите!

# ПРЕДМЕТИ ОД ИСТОРИСКА И КУЛТУРНА ВРЕДНОСТ



1. Предмети и добра од културно-историското наследство, кои подлежат на режим на потребни уверенија за извоз или привремено изнесување од територијата на Република Македонија се:
   - **археолошки предмети** (ископани од земја или извадени од вода кои потекнуваат од определен период),
   - **етнолошки предмети** (предмети кои сведочат за начинот на живеење, традицијата, обичаите и сл.),
   - **историски предмети** (кои потекнуваат од определени историски настани или ги користеле историски личности, како и стари монети -пари),
   - **уметнички предмети** (слики, цртежи, скулптури, бакрорези, гравури и други уметнички композиции),
   - **технички предмети** (машини, алати, инструменти, опрема и сл. кои потекнуваат од одредена етапа на технички прогрес),
   - **архивска граѓа** (одбран, изворен и репродуциран документарен материјал од трајна вредност),
   - **библиотечни добра** (стари ракописи настанати до крајот на XIX век, стари и ретки книги и други публикации),
   - **кинотечни добра** (снимени кинематографски дела, филмови-цртани, документарни, научно-популарни и др.),
   - **аудиовизуелни** (изворни материјали и тонска копија на игран или анимиран филм, сценарија, фотографии, слајдови, постери и сл) и
   - **фонотечни добра** (изворен материјал на снимени звуци односно оригинални музички и друг вид на звучни записи).
2. Културно наследство од особено значење (како заштитените музејски збирки) не смее да се извезе.
3. Културно наследство што не е под општа забрана за извоз, како и добро што претставува национално богатство, може да се извезува само со дозвола на Управата за заштита на културно наследство.

## КУЛТУРНИ ДОБРА КОИ НЕ ПОДЛЕЖАТ ПОД РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

1. Добрата кои немаат карактер на културно наследство и кои не подлежат под режим на заштита, односно нивниот извоз или изнесување од државата е слободен, се следните:
   - репродукции
   - копии на музејски експонати (антиквитети и други музејски предмети), пропратени со соодветен сертификат, со кој се потврдува копијата, потеклото на оригиналниот предмет и институцијата која што го издала.

# ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

**Царинската управа на Република Македонија во последните неколку години, како резултат на постигнатите резултати во работењето во областа на наплата на приходи, борба против недозволената трговија и подобрување на институционалните и административниот капацитет, има добиено низа признанија и награди.**



2007 **10-то место во светот по бројот на акции** за спречување на повреда на правото на интелектуална сопственост**, според извештајот на СЦО.** Во 2007 година, Царинската управа спроведе 325 вакви акции.

2008 **1-во место за добро управување** на Фондацијата Институт отворено општество Македонија, во категорија на органи на државната управа. Критериуми за избор: степен на професионалност, ефикасност, стручност и обука, вработување, владеење на правото, транспарентност, отчетност, јавни набавки, **финансиски менаџмент и контрола.**



2009 **Прва наградата на Светската царинска организација (СЦО) „Yolanda Benitez WCO Trophy 2009 Combating Counterfeiting and Piracy“** за достигнувања во борбата против фалсификувањето и пиратеријата, во конкуренција на 174 администрации членки на СЦО.

2010 **Прва награда за електронскиот едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти (Single Window/One Stop Shop) – EXIM** на официјалниот натпревар за избор на годишни награди од областа на информатичката и комуникациската технологија за решенија во јавниот сектор. EXIM е иновативен пристап кон процесот на издавање на дозволи за увоз, извоз и транзит.




2011 **IBM** (International Business Machines) - реномираниот производител на информатички технологии и глобални бизнис решенија искажа подготвеност за промоција и презентација на EXIM системот на официјалната веб локација на компанијата во делот „Поинтелигентна планета“ (Smarter Planet) - http://www.ibm.com/smarterplanet

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ФАКТИ

**Македонија е земја на свети тајни и единствени убавини, која нема излез на море и нема светски познати скијачки одмаралишта, но има прекрасни езера, недопрени планини, значајна историја и богато културно наследство. Македонија е татковина на кирилското писмо и на првиот словенски универзитет во светот. Посетете ја Македонија - неоткриената Европа!**

**Македонско државно знаме**



**Државен грб**



**Македонска национална химна**

- „Денес над Македонија" - песната што подоцна беше избрана за национална химна на Македонија е компонирана од Тодор Скаловски, а текстот го напиша Владо Малески во 1943 година.

**Основање на Република Македонија:**

- 2 август 1944 (како федерална република во рамки на Југославија).

**Прогласување на независност на Македонија:**

- 8 септември 1991.

**Членство на Македонија**

- Обединети Нации – од 8 април 1993 година;
- Светска трговска организација – од 4 април 2003 година;
- NATO – добиена покана на 3 април 2008 година; Спречен влез поради вето од страна на Грција;
- EU – се очекува покана.

**Население:** 2.100.000 жители

**Површина:** 25.715 km$^2$

**Официјален јазик:** Македонски (се користи кирилско писмо).

**Национална валута:** Македонски денар (MKD), од 26 април 1992 година.

**Географска положба:** Југоисточна Европа, централен дел на Балканскиот Полуостров.

**Главен град:** Скопје

**Терен:**

- Планинска територија покриена со длабоки басени и долини; три пространи езера (Охридско, Преспанско и Дојранско), низ секое минува погранична линија; земјата е поделена на два дела од Реката Вардар.
- **најниска точка**: Река Вардар 44 m
- **највисока точка**: Голем Кораб 2.764 m

**Клима:**

- Умерено медитеранска**.** Топло, суво лето и есен; прилично студена зима со силни снежни врнежи.